


# ПЕЧАТАРСТВОТО И ИЗДАВАШТВОТО ВО БИТОЛА

# ПЕЧАТАРСТВОТО И ИЗДАВАШТВОТО ВО БИТОЛА

**МИКЕНА**
Битола 1999

## *ПЕЧАТАРСТВОТО И ИЗДАВАШТВОТО ВО БИТОЛА*

| Раководител | Manager |
|---|---|
| Александар СТЕРЈОВСКИ | Aleksandar STERJOVSKI |
| Автори | Authors |
| Муџахид АСИМОВ | Mudžahid ASIMOV |
| Димитар БОГДАНОВСКИ | Dimitar BOGDANOVSKI |
| Аница ГЕОРГИЕВСКА | Anica GEORGIEVSKA |
| Науме ГЕОРГИЕВСКИ | Naume GEORGIEVSKI |
| Томе ГРУЕВСКИ | Tome GRUEVSKI |
| Цветанка ДАМЈАНОВСКА | Cvctanka DAMJANOVSKA |
| Никола ДИМИТРОВ | Nikola DIMITROV |
| Димитар ДИМИТРОВСКИ | Dimitar DIMITROVSKI |
| Ѓорѓи ДИМОВСКИ-ЦОЛЕВ | Georgi DIMOVSKI-COLEV |
| Димо ДИМЧЕВ (Димо КУВАТА) | Dimo DIMČEV (Dimo KUVATA) |
| Златко ЖОГЛЕВ | Zlatko ŽOGLEV |
| Ричард ИВАНИШЕВИЌ | Ričard IVANIŠEVIĆ |
| Томе ЈАНАКИЕВСКИ | Tome JANAKIEVSKI |
| Јован Д. КОЧАНКОВСКИ | Jovan D. KOČANKOVSKI |
| Никола НАУМОВСКИ | Nikola NAUMOVSKI |
| Ристо НЕВЕНОВСКИ | Risto NEVENOVSKI |
| Благој НИКОЛОВ | Blagoj NIKOLOV |
| Трајко ОГНЕНОВСКИ | Trajko OGNENOVSKI |
| Доне ПАНОВСКИ | Done PANOVSKI |
| Добри ПЕТРОВСКИ | Dobri PETROVSKI |
| Методија РАЗМОВСКИ | Metodija RAZMOVSKI |
| Арети СИДОВСКА | Areti SIDOVSKA |
| Петар СОЛАКОВСКИ | Petar SOLAKOVSKI |
| Максим СТОЈАНОВСКИ | Maksim STOJANOVSKI |
| Ѓорѓи ТАНКОВСКИ-ЛИЛИН | Georgi TANKOVSKI-LILIN |
| Радован П. ЦВЕТКОВСКИ | Radovan P. CVETKOVSKI |
| Димитар ШЕЌЕРЏИ | Dimitar ŠEĆERDŽI |

*Доне Пановски*

РУСКАТА БИБЛИОТЕКА ВО БИТОЛА .................... 469

*Цвеѿанка Дамјановска*

МАТИЧНА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА .................. 473

*Блаѓој Николов*

УЧИЛИШНИ БИБЛИОТЕКИ ................................ 480

*Ѓорѓи Димовски - Цолев*

БИБЛИОТЕКИТЕ ПРИ СРПСКАТА ПРАВОСЛАВНА
БОГОСЛОВИЈА ВО БИТОЛА ............................. 484

*Никола Димиѿров*

БИБЛИОТЕКИ ВО РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ........... 487

*Александар Сѿерјовски*

ЛИЧНИ БИБЛИОТЕКИ И БИБЛИОФИЛИ ................ 497

прочитале и повеќе. Во 1932/33 учебна година просекот бил знатно помал и изнесувал 18 книги по ученик.

Во Богословијата покрај Дружината „Братство" се формирала нова Книжевна дружина од питомци на гимназискиот интернат при Богословијата. Таа официјално се именувала „Нова светлост" и имала своја посебна библиотека која во 1932 година поседувала книжен фонд од 197 книги, а во 1933 година броела 242 книги од кои 30 купени и 15 подарени. И оваа библиотека имала периодични изданија *„Гласник Савеза трезвне младежи"*, *„Нови живот"*, *„Трезвеност"*, *„Јужна стража"*.

Општо земено за библиотеките во Богословијата може да се заклучи дека истите биле солидно уредени, редовно збогатувани, мошне многу посетени и користени. Сето тоа давало можност учениците да стекнуваат солидни знаења од светската и српската литература, од теологијата, но истовремено на Македонците ученици да им се наметнува српството.

## БИБЛИОТЕКИ ВО РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Со официјализирањето на правото и работните организации да основаат свои библиотеки за брзо време во голем број производни и непроизводни претпријатија се основаа библиотеки. Се изготвуваат програми за набавка на книги при што се одделуваат средства од синдикатот или на други начини за купување на не така малиот книжен фонд, стручна литература, списанија и слично. Во голем број организации библиотеките

располагаат со сопствен корисен простор. Книгите се евидентираат со картотека и картончиња за секој корисник.

Некои од библиотекарите посетувале семинари и курсеви кои ги организирала МУБ „Св. Климент Охридски"-Битола.

Од година во година бројот на корисници на книги се зголемувал, со што, глобално земено, бибилотекарската дејност го напушта монополскиот однос на големите библиотеки кон отворена кокурентна и космополитска улога на книгата.

Според евиденцијата на Одделот за унапредување на библиотекарството при МУБ „Св. Климент Охридски" - Битола, заклучно со октомври 1994 година на подрчјето на општина Битола работат 65 библиотеки. Од нив 30 во основното образование, 7 библиотеки во средното образование, 4 високошколски библиотеки и 24 специјализирани библиотеки и петнаесетина библиотеки кои ја немаат функцијата на библиотека, заради тоа што книгите седат заклучени во застаклени рафтови и чекаат на некое подобро утре.[212]

Меѓутоа, денес состојбите не се такви, а до оваа констатација дојдовме од анкетата што ја направивме. Имено, преку анкетна метода со подготвени анкетни листови, кои често се применуваат во емпириските научни истражувања, направивме обид да дадеме фактичка состојба на библиотеките во работните организации. Анкетата е спроведена во периодот од јануари-април месец 1996 година и ја покажува моменталната состојба во која се наоѓаат библиотеките без ретроспективен преглед.

Анкетирани се 20 работни организации од кои само во 3 сè уште постојат и активно работат библиотеки со вработен библиотекар. Потоа, осум библиотеки на работни органи-

212) Благој Николов, *Училишните, високошколските и специјалните библиотеки во општина Битола*, Библиотекарството во Битола и битолско, Зборник на материјали од Научниот собир одржан на 6 и 7 декември 1994 година во Битола, Битола, 1995 година, 185.

зации згаснаа или се во рамките на архивата, или библиотеката е во мирување, а со книгите задолжено е привремено лице или книгите се сместени во застаклени рафтови. И на крајот, 9 библиотеки во работни организации веќе не постојат, а библиотечниот фонд, речиси, и го нема.

Во службената библиотекарска практика не се користи терминот библиотеки во работни организации или фабрички библиотеки, ами тие влегуваат во поширокaта конотација на специјализирани библиотеки. Во специјализирани библиотеки влегуваат библиотеки на работни организации, разни установи од областа на стопанството, образованието, културата, науката, здравството, социјалната, пензионерска и друга заштита, правото, безбедноста, вработувањето, одбраната, верата итн. За дел од нив се потрудивме да изнесеме основни податоци во една збирна табела без детални анализи. (Види табела I)

Табела I - Специјализирани библиотеки во општина Битола[213]

| Специјализирани библиотеки | Година на работа | Корисен простор во $м^2$ | Монографски публикации | Периодички публикации (наслови) | Друг биб. материјал | Име и презиме на библиотекарот или одговорното лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| АД ХОЛДИНГ Претп. „ФРИНКО" | 1980 | 30<br>20[a/] | 4.583<br>4.500[a/] | - | - | Љубица Милевска |
| Архив на РМ подрачна единица - Битола | 1954 | 61<br>62[a/] | 4.130<br>10.697[a/] б.е. | 246 | 4.029 карти, микрофилмови, плакати | Арети Сидовска |

213) *Водич низ библиотеките во Република Македонија,* Скопје, 1994 г, (состојба 1993 год.) 77-87; а) *Водич низ библиотеките во Република Македонија,* Скопје, 1990 г. (состојба 1990 год.), 19-21.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дом на средно-школска младиа | 1990 | 16 | 1.207 | - | - | Нада Босилковска |
| Друштво за наука и уметност - Битола | 1985 | 60 | 1.255 | - | - | Лидија Поповска |
| Завод за заштита на спомениците на културата и природните реткости музеј и галерија - Битола | 1977 | 38 | 4.084<br>5.657[a/] | 493 | 70 проекти, карти, музикалии, плакати и друго | Кирил Паспаловски |
| Завод за унапреду-вање и развој на земјоделието с. новаци | 1977<br>1967[a/] | 60 | 472<br>439[a/] | - | - | Трајанка Николовска<br>Виолета Христовска[a/] |
| Митро-полија | 1990 | 96 | 3.596 | 91 | - | Валентина Станковска |
| Народен театар | 1989 | 25 | 618 | 10 | - | Ангелина Белима-чевска |
| Окружен суд - Битола | 1977 | 25<br>30[a/] | 1.375<br>1.271[a/] | 50 | - | Мимоза Палашевска<br>Љубица Поповска[a/] |
| РЕК - Битола | 1990 | 64 | 866 | 18 | - | Милица Поповска |
| Служба за вработу-вање | 1992 | 56 | 869 | 4 | - | Вера Огненовска |
| Медицински центар д-р Трифун Пановски - Битола | 1967[a/] | 64[a/] | 3.890[a/] библи-отечни единици (б.е.) | - | - | Олга Христова[a/] |

Поради понапред изнесените причини и резултатите од спроведената анкета, во оваа прилика поголем акцент и простор ќе им дадеме само на трите постоечки библиотеки од непосредното производство. А за другите 8 кои се во рамките на архива, мирување или слично ќе изнесеме само фрагментарни и нецелосни податоци. (Види Табела II).

Табела II - Анкетирани библиотеки во работни организации

| Библиотека во работна организација | Година на основање и згаснување | Корисен простор во $м^2$ | Монографски публикации | Проекти и елаборати | Име и презиме на библиотекарот или одговорното лице |
|---|---|---|---|---|---|
| РЕК-ТЦ „БИТОЛА" | 1977 | 64 | 1.628 | - | Милица Поповска |
| | 1977 | 76 | - | 2.716 | Јелена Јосифова |
| АД ХОЛДИНГ „ФИНКО" | 1980 | 30 | 4.823 | 2.000 | Љубица Милевска |
| ПК-РУДНИК „СУВОДОЛ" | 1984 | 68 | 458 | 3.000 | Горица Боризовска |
| ХМС „СТРЕЖЕВО" | 1983 | 45 | 6.000 со проекти | | Благој Вржовски |
| Холдинг прет. „БИТОЛА-ТЕКС" [214)] | 1981 1995 | 15 | 2.140 | - | Офелија Даскалова (додатна задача) |
| ВОДОСТОПАНСТВО „ПЕЛАГОНИЈА" [215)] | 1975 1993 | 50 | 797 | над 2.000 проекти | Марија Јосифовска (додатна задача) |
| АД-РИК „БИТОЛА-СИЛ" [216)] | 1960 со прекини | 10 | 1.130 | неколку илјади | Милка Ташковска (додатна задача) |
| АД-Ф-ка за шеќер „4-ти ноември" [217)] | 1987 | 20 | 250 | над 1.000 проекти и елаборати | Жанета Стерјовска (додатна задача) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| АД-Ф-ка за квасец и алкохол [218)] | 1964 | - | 200 | 5 проекти 50 научни трудови и повеќе списанија | - |
| ДОО „ЈУГО-ТУТУН" [219)] | 1972<br>1995 | 8 | 1.530 | - | Мери Татаревска (додатна задача) |
| АД „ЖИТО БИТОЛА" [220)] | 1971<br>1955 | 50 | 5.118 | - | - |
| АД-Кожарски комбинат „БИТОЛА" [221)] | 1970<br>1995 | - | 300 | - | - |
| АД-ЗИК „ПЕЛА-ГОНИЈА" [222)] (заеднички служби) | 1976<br>1992 | - | 226 | - | - |
| МЗТ-ДОО „МОН-ТИНГ" [223)] | 1988<br>1990 | - | 210 | - | - |
| ПОС-АИК „ЛОЗАР" [224)] | 1972<br>1983 | 12 | 400 | - | - |

---

214) Библиотеката е во мирување. Евиденцијата на книгите се вршела според стандарди со картотека. Книгите се сместени во застаклени рафтови. Лица кои биле задолжени со библиотеката се: Спасија Цветкова (1981-1987), Катерина Црвенкова (1987-1990) и Офелија Даскалова од (1990-1995), денес како додатна задача. Во библиотеката има и повеќе списанија пр. „Текстилец" и други.

215) Со библиотеката раководел Миле Филинов 1975-1993 година, а денес библиотеката мирува и нема назначено задолжено лице. Од вкупниот број на книги над 500 се стручна литература. Од 1959-1960 година постои и техничка документација на проекти и елаборати чиј број се движи од над две илјади. Денес издавањето на книги е под реверс.

216) Библиотеката работи со прекини за од 1994 година повторно да се евидентира библиотечниот фонд во евидентната книга. Бројот на техничката документација (проекти, елаборати и друго) е неколку илјади. Издавањето на книгите и документацијата е по потреба и со реверс. Денес со библиотеката е задолжена секретарката како додатна задача.

217) Библиотеката е во мирување и се наоѓа во состав на архивата. Порано со библиотекта раководел Живко Божиновски. Библиотечниот фонд е внесен во евидентна книга и нема картотека. Издавањето на книгите и техничката документција (чиј број е над илјада) е со реверс.

218) Денес библиотеката е во мирување. Во поранешниот период одговорни лица за библиотеката биле Драги Јосифовски, а потоа Соња Баљари. Книгите се внесени во евидентна книга, а за нивно издавање не се води евиденција. Книжниот фонд се чува во застаклени рафтови.

219) Библиотеката денес е во мирување. Во поранешниот период како библиотекари работеле Кочо Баљаровски (1978-1988), Хрисула Кочинска (1988-1992) и Мери Татаровска (1992-1995 година), а денес како додатна задача. Книгите се внесени во евидентна книга и издавањето било по стандарди со картотека за секој корисник. Просечно годишно бројот на корисници се движел од 300 до 500 корисници. Библиотекарите посетувале и еднодневни семинари за библиотекарска дејност.

220) Оваа библиотека беше една од најдобрите библиотеки во работните организации и прва од ваков вид во општина Битола, која постигна многу за популаризацијата на книгата и библиотекарството.Со библиотеката раководел Бранко Вржовски и тоа цели 25 години. Книгите биле сместени во 12 рафтови, се водело евиденција по сите стандарди со картотека и печат. Од вкупниот фонд на книги над 2.000 биле белетристика и уште 2.000 школски книги, потоа над 200 книги биле стручна литература, како и доста мемоари, собрани дела итн. Во состав на библиотеката имало и над 30 светски списанија, како и 300 примероци од информативниот „Билтен" што го издава „Жито Битола". Библиотекарот ги посетувал сите семинари и курсеви што ги организирала МУБ „Св. Климент Охридски" - Битола. Покрај застаклените шкафови и рафтови во корисниот простор на бибилиотеката имало и 12 маси и над 24 столчиња, потоа работно биро, а во последната година е инсталиран и компјутер за компјутерска обработка и издавање на библиотечниот фонд. Меѓутоа, денес поради одењето во пензија на библиотекарот, библиотеката згасна и повеќе не постои. Нејзиниот библиотечен фонд денес се наоѓа во МУБ „Св. Климент Охридски"-Битола и чека на некое подобро утре и повторно да се врати назад.

221) Денес библиотеката е во мирување. Задолжено лице била Даница Рахманова. Книгите биле евидентирани во евидентна книга. Библиотечниот фонд се чува во застаклени рафтови.

222) Оваа библиотека згасна, а книгите се сместени во рафтови. Нема задолжено лице.

223) Повеќе години оваа библиотека не постои и истата не располага со книгите кои се внесени во евидентната книга. Некои од нив се во застаклени рафтови. Со библиотеката раководел Кире Марушевски.

224) И оваа библиотека повеќе години не постои. Дел од книгите се во застаклени рафтови. Податокот за книгите го добивме од евидентната книга. Денес нема задолжено лице за дел од книгите кои сè уште постојат. Покрај наведените библиотеки, книги кои седат заклучени во застаклени рафтови има во повеќе

Библиотеки во работни организации од непосредното производство кои денес активно работат се Библиотеката при РЕК-ТЦ „Битола", АД Холдинг - Претпријатие „Фринко" и библиотеката при ПК-Рудник „Суводол". Вкупно овие библиотеки располагаат со 5.919 монографски публикации, околу 8.000 проекти и елаборати, и вкупно 238 м$^2$ корисен простор.

Библиотеката при РЕК-Термоцентрала „Битола" започна со работа во 1977 година,[225] односно во 1975 година.[226] Располага со корисен простор 64 м$^2$. Библиотечниот фонд го сочинуваат 1.628 книги од кои 1.532 книги се стручна литература, а останатото белетристика. Библиотеката располага и со комплети на петнаестина списанија во повеќе свески. Библиотечниот фонд е евидентиран според утврдени библиотечни правила и распореден во картожни картончиња во постојани каталози. Годишно бројот на корисници се движи од 250 до над 300. Од 1990 година со библиотеката раководи вработениот библиотекар Милица Поповска.

Во состав на ТЦ „Битола" има и библиотека на техничка документација што датира од 1977 година наваму. Бројот на проектите и елаборатите изнесува 2.716 од кои над 87% од нив се руски проекти, а останатите се на други јазици. Библиотеката располага со корисен простор од 76 м$^2$. Целата документација е евидентирана и сигнализирана по стандарди. Сите проекти и елаборати се сместени во метални подвижни рафтови. Користењето на документацијата е по потреба и не

---

работни организации и разни установи. Во повеќето РО постои дел од книгите кои некогаш се воделе како библиотечен фонд, а некаде и како библиотеки. Тоа се: АД „Апарати за домаќинството" (поранешен „Металец"), ДОО „Краш Прогрес", АД Фабрика за пиво и безалкохолни пијалоци „Пивара", АД за трикотажа „Пелистер", ДОО „Мокел" и др.

225) *Водич низ библиотеките во Република Македонија*, Скопје, 1994 г., 86.

226) Според нашата анкета, од евиденцијата се увиде дека библиотеката работи од 1975 година и располага со 1.095 книги. Прв библиотекар била Нада Димитрова, а потоа од 1977 до 1990 година со библиотеката раководи Јелена Јосифова.

се води евиденција за бројот на корисници. Со оваа библиотека раководи техничарот Јелена Јосифова.



*Библиотската и библиотскарката Љубица Милевска во АД холдинг „Фринко" - Битола / The library and the librarian Ljubica Milevska in „Frinco" Inc. in Bitola*

Библиотеката при АД Холдинг-Претпријатие „Фринко" започна со работа во 1980 година и располага со 30 $м^2$ корисен простор со спрат. Библиотеката и порано постоела, но била блокирана како магацински простор. Во времето на нашата посета библиотеката располагаше со 4.823 монографски публикации од кои околу 600 книги е стручна литература. Библиотечниот фонд е евидентиран по стандарди со евидентна книга, картотека, картони за секој корисник и со печат. Книгите се сместени во посебни рафтови, а бројот на корисници се движи околу 3.000 годишно. Библиотеката располага и со подврзани службени весници од 1985 година и истите се сместени во архива. Со библиотеката раководи вработениот библио-

текар Љубица Милевска која посетувала библиотекарски курсеви и советувања.

Независно од библиотеката постои и посебно одделение за проекти и елаборати од над 2.000 парчиња. Истите не се сместени во една просторија, туку се распоредени по работни единици, така што за нив не можеме да дадеме повеќе податоци.

Библиотеката при ПК-Рудник „Суводол" работи од 1982 година, а официјално како библиотека е од 1984 година. Со библиотеката раководеле Митко Кузмановски од 1982 до 1984 година, Василка Јосифовска од 1984 до 1994 година и Горица Боризовска од 1994 година. Библиотеката располага со корисен простор од 68 $м^2$ .Библиотечниот фонд го сочинуваат 458 книги од кои 410 се стручна литература. Меѓутоа, оваа библиотека примарно е библиотека на техничка документација од над 300 проекти и елаборати сместени во метални подвижни рафтови. Книгите и техничката документација се внесени во евидентна книга и истите се сигнализирани по стандарди. Бројот на корисници е по потреба за проектите, а за книгите е незначителен. Во библиотеката има и поголем број на списанија во повеќе свески. Проектите се на руски, германски, англиски, чешки, српски, хрватски и други јазици.

Ваквата состојба со бибилиотеките во, речиси, сите работни организации е резултат на приватизацијата, односно трансформацијата на целокупното стопанство, а не од незаинтересираноста на работниците да ги користат книгите.

Тешките материјални и други состојби во РО доведоа не само до разградување на сè она што со децении се создавало, туку и до масовно отпуштање од работа на стотици работници. Нормално е во вакви хаотични услови никој да не обрнува внимание на библиотеките и нивниот фонд. Така, библиотеките во повеќе работни организации се ликвидираат, книгите се оставаат сами на себе прибрани во рафтови, се пустат или им се губи трагата.